05.12.2019 [redacted]

[redacted]

**ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНИЈА – фаза 2**
**NATURE CONSERVATION PROGRAMME IN MACEDONIA – Phase 2**

**www.bregalnica-ncp.mk**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / E pranuar | 04-12-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 11 | 6489/1 | | |

Македонско еколошко друштво
Бр. 375/19
04.12.2019 год.
Скопје

**До**
**Министерство за животна средина и просторно планирање,**
**Сектор за природа**

**Предмет: Анекс на „Студијата за валоризација за предлог-подрачјето за заштита „Осоговски Планини“ во категоријата заштитен предел“**

Почитувани,

Во рамките на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а координиран од Фармахем од Скопје, предвидено е воспоставување на заштитени подрачја во сливот на река Брегалница, кои се очекува да придонесат за подобрувањето на статусот на природните вредности, но и за подобрување на социоекономскиот развој на општините во регионот.

Во процесот на изработка на потребната документација за отпочнување на постапка за прогласување на Осоговските Планини изработена е Студија за валоризација за предлог-подрачјето за заштита „Осоговски Планини“ во категоријата заштитен предел согласно националното законодавство. Иницирањето на постапката за прогласување вклучува и комуницирање на предлогот со главните чинители на централно и локално ниво. Во процесот на комуникација, надворешните граници и зоните на подрачјето беа предмет на дискусија и усогласување со сите клучни засегнати страни. Како резултат на тоа, истите се прилагодени, а детален опис на границите и зоните на прилагодениот предлог е даден во прилог на овој допис.

Со почит,

Марјана Шушлевска, ср
Тим лидер на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија

Робертина Брајаноска, ср
Главен координатор на ПЗП фаза 2 од МЕД

**Прилог:**
Анекс на Студијата за валоризација со опис на надворешните граници и зони на подрачјето